


# Ставре Џиков, публицист

Претседателот на бугарската влада, Бојко Борисов, и министерката за надворешни работи Екатерина Захариева со месеци бараат да застане македонската држава пред европската чекалница. Тие ултимативно бараат да се признае дека Гоце Делчев и Крсте Петков Мисирков со нивната историска судбина се Бугари. Македонскиот јазик за нив е новофабрикуван/новосоздаден од пресните Македонци од 1944 година, од асномска Македонија. Наспроти нив се актуелните, претседателот на државата Стево Пендаровски, премиерот на владата Зоран Заев и неговиот министер за надворешни работи Никола Димитров. Јавноста ја тешат со некој евтин политички изговор, наводно ќе го бранат македонскиот јазик и нема да се откажат од Гоце Делчев и Крсте Петков Мисирков. Ми личат на политичари што стојат во шпалир и држат во рацете бели знаменца, подготвено јавно, со половина уста, да кажат дека не се откажуваат од македонскиот јазик, идентитет, од македонските великани Делчев и Мисирков.

А можеби ќе видиме наскоро да застанат на бугарска страна?! Јавно да спроменам од каде ги познавам сегашниве репрезенти на македонската политичка сцена.
Стево Пендаровски, син на мојот наставник по биологија Аврам, по потекло од Галичник, во основното училиште ОУ „Цветан Димов“ во Чаир, Скопје. На часовите ќе нѐ опоменеше со другар ми Фрањо Јаковиќ, Хрват, католик, со укорување дека предвреме ги учиме уроците по биологија, премногу знаеме. Наставникот Аврам и класниот Бојко Стојановски-Цоњче, наставник по македонски јазик, по потекло од с. Љубанци, ни подарија образование, чесност, правичност и над сѐ да си ги сакаме татковината

Македонија и македонскиот народ.

Со премиерот Зоран Заев имав, пред една деценија, случајно епизодно запознавање во хотелот „Сириус“. Тоа се случи на маскенбалот во Струмица, кога беше градоначалник. Заев беше маскиран во шеик, со „неговата локална дружина“. Во друштво бев со пејачот Наум Петрески, со проф. д-р Миле Врчаковски и неговата сопруга Софија Гогова-Врчаковска, актерка во Македонското радио.

Во првиот македонски парламент, пратеничката проф. Ратка Димитрова беше координаторка на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ (1990-1994). Нејзиниот сопруг, проф. д-р Димитар Димитров, министер за образование во владата на академик Никола Кљусев (март 1991 година).

Тој ми е рецензент на книгата „Македонија во комунистичкиот триаголник“, објавена во 1994 година. Политички катапултирани во име на државната политика на ВМРО-ДПМНЕ стануваат дипломати Димитар Димитров и нивниот син Никола Димитров. Димитар Димитров е именуван за амбасадор во Москва (2001 – 2004). Никола Димитров прво советник за национална безбедност кај претседателот Борис Трајковски (2000-2001), потоа именуван за амбасадор во Вашингтон од 2002 година. Сите споменати јавно се застапија за промена на името на Република Македонија во Република Северна Македонија. А јас застанав со народот, референдумски против промена на името Република Македонија.

Но да видиме што нè поучува историскиот македонски дух што е бесмртен. Во книгата „Воскресение“, објавена во 1995 година, го забележав историскиот еп „Така зборува Исидор Солунски“. Автор е нашиот драматург Јордан Плевнеш. Епот му го посветил на Исидор Солунски од селото Баница (Веви), Леринско, Егејска Македонија, Грција. Исидор Солунски е закопан на париските гробишта „Пер Лашез“ од неговата љубена Романка. За потсетување, во нашето сегашно предавничко невреме и поука ќе цитирам дел од епот: „Непријателите на македонското национално револуционерно дело испратиле човек да ме убие. Го поткупиле со 10 лири и го пратиле да ме убие. Јас честопати наминувам по џумајскине, по петричките, по кукушките, по велешките, по битолските пазари и гледам како се движат цените. Еден вол чини 100 лири, а ваму, овега го поткупиле со 10, за да ме убие.

Ги гледам цените и не можам да се изначудам. Како е возможно еден Македонец да биде 10 пати поевтин од еден вол. Тешко ми е, татковино. Историјата продолжува. Самоуништувањето трае. Синдромот се повторува. А обединувањето твое бега далеку од нас. Зад мене распарчена Македонија, пред мене подвижен гроб. Се постила векот

пред мојот од како батанија од тешка скрама со сета крв на едно Илинденско востание. Нѐ демнат балканските делегати во Париз, Копенхаген, Стразбур и Женева, со куршуми веќе забодени во моето срце. Во Софија мрачен танц на мачки душождерни ме чека. Во Атина, и старата и новата демократија смртобудно ме галат. Ќе ги преораме гробиштата на идеалите, со коските на нашите мртви војводи ќе се претвориме во зурли и тапани, во нашето најсилно оружје.

Со голи меса ќе ги искинеме жиците од границите. Ќе ја обединиме и ќе извикаме – жива е Македонија".

Епот го рецитираа првенецот-актер драмски и филмски Петре Темелковски и протоѓаконот Александар Цандовски на МПЦ-ОА кога одевме во туѓина, во странство меѓу нашата македонска емиграција и, секако, во нашата Македонија. Освен Исидор Солунски, Македонец од мојот род/сој има закопано и на софиските гробишта. На пример, познатиот војвода Мице Зајков- Чегански, без страв и трепет, грамада. Едно нешто ме теши, што над нас „бдеат" Ѓорѓија Пулески, Мисирков, Кочо Рацин, Блаже Конески, Гане Тодоровски, Анте Поповски… нѐ чуваат од духовната смрт.